# З А П И С Н И К
## од 67- та седница на Советот на Општина Велес
## која се одржа на 26.08.2025 година

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 20 члена на Советот.

Потоа ја отвори 67-та седница на Советот на Општина Велес, која започна во 09:57 часот.

Пред да го прочита предложениот дневен ред, претседателот го стави на расправа записникот од 66-та седница на Советот на Општина Велес. За расправа со дискусија и прашања се јавија: Маргица Урумова и Игор Смилев. Одговор на поставените прашања даде Претседателот на СОВ. Кон одговорот се приклучи и Коста Нојков.

По ова, забелешката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни членови, со 8 гласа „за“ и 12 гласа „против“ истата не го доби потребното мнозинство за да се имплементира во Записникот од 66-та седница.

Се премина кон гласање на Записникот од 66-та седница и по гласањето се утврди дека од 20 присутни, со 13 гласа „за“, 3 гласа „против“ и 2 гласа „водржан“ (2 члена) не се изјаснуваат беше усвоен записникот од 66-та седница на СОВ.

Претседателот на Советот ги прочита точките кои се предложени во следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Квартален извештај на Општина Велес за извештајниот период (кумулативно) од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година;
2. Предлог – одлука за давање на времено користење на простории од објекти на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес (по втор јавен повик);
3. Предлог – одлука за давање согласност за затворање на депонија на земја, шут и друг отпаден градежен материјал во Општина Велес
4. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.496/1 и КП бр. 688 во КО Мамутчево;
5. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.1243 во КО Караслари;
6. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.14347 во КО Велес;
7. Годишен извештај од реализација на годишната програма за работата на ООУ „Блаже Конески” – Велес во учебната 2024/2025 година;
8. Предлог-годишна програма за работата на ООУ „Блаже Конески” – Велес за учебната 2025/2026 година;
9. Предлог-решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на ООУ „Блаже Конески” – Велес;
10. Годишен извештај за работата на ООУ „Васил Главинов” Велес за учебната 2024/2025 година;
11. Предлог-годишна програма за работа на ООУ „Васил Главинов” Велес за учебната 2025/2026 година;
12. Предлог-решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за учебната 2025/2026 година на ООУ „Васил Главинов” Велес;
13. Годишен извештај за работа на ООУ „Св.Кирил и Методиј” Велес за учебната 2024/2025 година;

14. Предлог-годишна програма за работа на ООУ „Св.Кирил и Методиј” Велес за учебната 2025/2026 година;
15. Предлог-решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за учебната 2025/2026 година на ООУ „Св.Кирил и Методиј” Велес;
16. Годишен извештај за воспитно-образовната работа на ООУ „Панко Брашнаров” Велес во учебната 2024/2025 година;
17. Предлог-годишна програма за воспитно-образовната работа на ООУ „Панко Брашнаров” Велес во учебната 2025/2026 година;
18. Предлог - Развојна програма на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес за период од 2025-2029 година;
19. Предлог-решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за учебната 2025/2026 година на ООУ „Панко Брашнаров” Велес;
20. Годишен извештај за наставно-воспитната работа на ООУ „Рајко Жинзифов“ во Г.Оризари, Велес за учебната 2024/2025 година;
21. Предлог-годишна програма за работа на ООУ „Рајко Жинзифов“ во Г.Оризари, Велес за учебната 2025/2026 година;
22. Предлог-решение за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на ООУ „Рајко Жинзифов” Г.Оризари Велес;
23. Годишен извештај за работа на ООУ „Лирија“ с.Бузалково Велес за учебната 2024/2025 година;
24. Предлог-годишна програма за работа на ООУ „Лирија“ с.Бузалково Велес во учебната 2025/2026 година;
25. Предлог – решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на ООУ „Лирија” с.Бузалково Велес;
26. Предлог-решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Лирија“ с.Бузалково Велес;
27. Годишен извештај за работата на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан” с.Иванковци Велес за учебната 2024/2025 година;
28. Предлог-годишна програма за работа на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан” с.Иванковци Велес за учебната 2025/2026 година;
29. Предлог - решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за учебната 2025/2026 година на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан” с.Иванковци Велес;
30. Годишен извештај за работата на ООМУ „Стефан Гајдов” Велес за учебната 2024/2025 година;
31. Предлог-годишна програма за работа на ООМУ „Стефан Гајдов” – Велес во учебната 2025/2026 година;
32. Предлог - решение за давање согласност за формирање паралелка со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на ССОУ „Димитрија Чуповски” Велес;
33. Предлог - решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на СОУ Гимназија „Кочо Рацин ” Велес;
34. Предлог - решение за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес;
35. Годишен извештај за работа на ОУД „Лазар Лазаревски” – Велес за учебната 2024/2025 година;
36. Предлог - годишна програма за работа на ОУД „Лазар Лазаревски“ во учебната 2025/2026 година;
37. Предлог-решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЈКП “Дервен” Велес;
38. Извештај (кумулативен и квартален) за финансиското работење на ЗЈП „Стационар Шепа“ – Кавадарци за период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година;
39. Предлог-решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЗЈП „Стационар Шепа“ – Кавадарци;
40. Иницијатива за донесување заклучок со кој ќе се задолжи самостојното одделение во склоп на Општина Велес-Одделение за инспекциски надзор да доставува

квартален извештај за работата до Советот на Општина Велес кој ќе биде разгледуван како информација на редовна седница на Советот на Општина Велес;

41. Иницијатива за тарифата за собирање и транспорт на комунален отпад да се определува врз основа на количеството и видот на отпадот и истата да се утврдува според единица мерка-денар по метар кубен собран комунален отпад за сите правни субјекти.
42. Наративен и финансиски извештај за „Moto beach party за 2025 година“ од ЗГ Мото клуб „Носачи на крстот“;

Претседателот праша дали има дополнување на Дневниот ред.

Членот Пандорка Лазаровска Прличкова предложи точката по ред.бр.41 да стане точка под ред бр.3.

По ова Предлогот се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 18 присутни членови, со 7 гласа „за“ и 9 гласа „воздржан“ (членовите Марјанчо Николов и Весна Атанасовска се изземаат од гласање).

Предложениот дневен ред, се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 20 присутни членови на СОВ со 12 гласа „за“ и 8 гласа „воздржан“, истиот беше усвоен.

Се премина кон расправа на точките

**ТОЧКА 1. Квартален извештај на Општина Велес за извештајниот период (кумулативно) од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јавија: Марјанчо Николов и Елизабета Митревска Анѓелеска.

Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник. Кон одговорот се приклучи и Претседателот на Советот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 11 гласа „за“ и 9 гласа „воздржан“ се усвои Кварталниот извештај на Општина Велес за извештајниот период (кумулативно) од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година**.**

**ТОЧКА 2. Предлог – одлука за давање на времено користење на простории од објекти на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес (по втор јавен повик)**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Марија Чатмова беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ се донесе Одлуката за давање на времено користење на простории од објекти на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес (по втор јавен повик).

**ТОЧКА 3. Предлог – одлука за давање согласност за затворање на депонија на земја, шут и друг отпаден градежен материјал во Општина Велес**

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Елизабета Митревска Анѓелеска и Марјанчо Николов.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 19 гласа „за" (членовите Марјанчо Николов и Весна Атанасовска се иземаат од гласање) се донесе Одлуката за давање согласност за затворање на депонија на земја, шут и друг отпаден градежен материјал во Општина Велес.

**ТОЧКА 4. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.496/1 и КП бр. 688 во КО Мамутчево**

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 18 гласа „за" и 2 гласа „воздржан" се донесе Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.496/1 и КП бр. 688 во КО Мамутчево.

**ТОЧКА 5. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.1243 во КО Караслари**

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 18 гласа „за" и 2 гласа „воздржан" се донесе Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.1243 во КО Караслари.

**ТОЧКА 6. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.14347 во КО Велес**

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 18 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.14347 во КО Велес.

**ТОЧКА 7. Годишен извештај од реализација на годишната програма за работата на ООУ „Блаже Конески” – Велес во учебната 2024/2025 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ „Блаже Конески” – Велес, Маја Коруновска беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Катерина Ефремова.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 13 гласа „за“ и 4 гласа „воздржан“ (членовите Ружица Петрушевска Николовска и Елизабета Митревска Анѓелеска се изземаат од гласање) се усвои Годишниот извештај од реализација на годишната програма за работата на ООУ „Блаже Конески” – Велес во учебната 2024/2025 година.

**ТОЧКА 8. Предлог-годишна програма за работата на ООУ „Блаже Конески” – Велес за учебната 2025/2026 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ „Блаже Конески” – Велес, Маја Коруновска беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Катерина Ефремова.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 18 гласа „за“ (членовите Ружица Петрушевска Николовка и Елизабета Митревска Анѓелеска се изземаат од гласање) се усвои Годишната програма за работата на ООУ „Блаже Конески” – Велес за учебната 2025/2026 година.

**ТОЧКА 9. Предлог- решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на ООУ „Блаже Конески" – Велес**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ „Блаже Конески" – Велес, Маја Коруновска беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 18 гласа „за" (членовите Ружица Петрушевска Николовка и Елизабета Митревска Анѓелеска се изземаат од гласање) се донесе Решението за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на ООУ „Блаже Конески" – Велес.

**ТОЧКА 10. Годишен извештај за работата на ООУ „Васил Главинов" Велес за учебната 2024/2025 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на помошник директорот на ООУ „Васил Главинов" Велес, Весна Крлева Глушкова беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за" се усвои Годишниот извештај за работата на ООУ „Васил Главинов" Велес за учебната 2024/2025 година.

**ТОЧКА 11. Предлог-годишна програма за работа на ООУ „Васил Главинов" Велес за учебната 2025/2026 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на помошник директорот на ООУ „Васил Главинов" Велес, Весна Крлева Глушкова беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Катерина Ефремова и Ружица Петрушевска Николовска.
Одговор на поставените прашања даде помошник директорот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за" се усвои Годишната програма за работа на ООУ „Васил Главинов" Велес за учебната 2025/2026 година.

**ТОЧКА 12. Предлог-решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за учебната 2025/2026 година на ООУ „Васил Главинов" Велес**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на помошник директорот на ООУ „Васил Главинов” Велес, Весна Крлева Глушкова беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“ се донесе Решението за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за учебната 2025/2026 година на ООУ „Васил Главинов” Велес.

**ТОЧКА 13. Годишен извештај за работа на ООУ „Св.Кирил и Методиј” Велес за учебната 2024/2025 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ „Св.Кирил и Методиј” Велес, Маја Јовановска беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Пандорка Лазаровска Прличкова и Игор Стојанов.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 15 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ се усвои Годишниот извештај за работа на ООУ „Св.Кирил и Методиј” Велес за учебната 2024/2025 година.

**ТОЧКА 14. Предлог-годишна програма за работа на ООУ „Св.Кирил и Методиј” Велес за учебната 2025/2026 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ „Св.Кирил и Методиј” Велес, Маја Јовановска беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Пандорка Лазаровска Прличкова.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 гласа „за“ се усвои Годишната програма за работа на ООУ „Св.Кирил и Методиј” Велес за учебната 2025/2026 година.

**ТОЧКА 15. Предлог-решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за учебната 2025/2026 година на ООУ „Св.Кирил и Методиј” Велес**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ „Св.Кирил и Методиј” Велес,  Маја Јовановска беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 гласа „за“ се донесе Решението за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за учебната 2025/2026 година на ООУ „Св.Кирил и Методиј” Велес.

**ТОЧКА 16. Годишен извештај за воспитно-образовната  работа на ООУ „Панко Брашнаров” Велес во учебната 2024/2025 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на в.д. директорката на ООУ „Панко Брашнаров” Велес,  Сениха Брзева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ се усвои Годишниот извештај за воспитно-образовната  работа на ООУ „Панко Брашнаров” Велес во учебната 2024/2025 година.

**ТОЧКА 17. Предлог-годишна програма за воспитно-образовната  работа на ООУ „Панко Брашнаров” Велес во учебната 2025/2026 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ „Панко Брашнаров” Велес,  Сениха Брзева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ се усвои Годишната програма за воспитно-образовната  работа на ООУ „Панко Брашнаров” Велес во учебната 2025/2026 година.

**ТОЧКА 18. Предлог - Развојна програма  на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес за период од 2025-2029 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ „Панко Брашнаров” Велес,  Сениха Брзева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ се усвои Развојната програма на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес за период од 2025-2029 година.

**ТОЧКА 19. Предлог-решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за учебната 2025/2026 година на ООУ „Панко Брашнаров” Велес**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ „Панко Брашнаров” Велес, Сениха Брзева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“ се донесе Решението за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за учебната 2025/2026 година на ООУ „Панко Брашнаров” Велес.

**ТОЧКА 20. Годишен извештај за наставно-воспитната работа на ООУ „Рајко Жинзифов“ во Г.Оризари, Велес за учебната 2024/2025 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на в.д. директорката на ООУ „Рајко Жинзифов“ во Г.Оризари, Велес, Амра Хоџиќ беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ се усвои Годишниот извештај за наставно-воспитната работа на ООУ „Рајко Жинзифов“ во Г.Оризари, Велес за учебната 2024/2025 година**.**

**ТОЧКА 21. Предлог-годишна програма за работа на ООУ „Рајко Жинзифов“ во Г.Оризари, Велес за учебната 2025/2026 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на в.д. директорката на ООУ „Рајко Жинзифов“ во Г.Оризари, Велес, Амра Хоџиќ беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од од 21 присутен, со 21 глас „за“ се усвои Годишната програма за работа на ООУ „Рајко Жинзифов“ во Г.Оризари, Велес за учебната 2025/2026 година**.**

**ТОЧКА 22. Предлог-решение за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на ООУ „Рајко Жинзифов” Г.Оризари Велес**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на в.д. директорката на ООУ „Рајко Жинзифов“ во Г.Оризари, Велес, Амра Хоџиќ беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од од 21 присутен, со 21 глас „за“ се донесе Решението за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на ООУ „Рајко Жинзифов” Г.Оризари Велес.

**ТОЧКА 23. Годишен извештај за работа на ООУ „Лирија“ с.Бузалково Велес за учебната 2024/2025 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на в.д. директор на ООУ „Лирија“ с.Бузалково Велес, Исмаил Јакупи беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 19 гласа „за“ (членот Невзат Муаремовски се иззема од гласање) се усвои Годишниот извештај за работа на ООУ „Лирија“ с.Бузалково Велес за учебната 2024/2025 година.

**ТОЧКА 24. Предлог-годишна програма за работа на ООУ „Лирија“ с.Бузалково Велес во учебната 2025/2026 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на в.д. директор на ООУ „Лирија“ с.Бузалково Велес, Исмаил Јакупи беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 20 гласа „за“ (членот Невзат Муаремовски се иззема од гласање) се усвои Годишната програма за работа на ООУ „Лирија“ с.Бузалково Велес во учебната 2025/2026 година.

**ТОЧКА 25. Предлог – решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на ООУ „Лирија” с.Бузалково Велес**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на в.д. директор на ООУ „Лирија“ с.Бузалково Велес, Исмаил Јакупи беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ (членот Невзат Муаремовски се иззема од гласање) се донесе Решението за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на ООУ „Лирија” с.Бузалково Велес.

**ТОЧКА 26. Предлог-решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Лирија“ с.Бузалково Велес**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на в.д. директор на ООУ „Лирија“ с.Бузалково Велес, Исмаил Јакупи беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 21 глас „за“ (членот Невзат Муаремовски се иззема од гласање) се донесе Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Лирија“ с.Бузалково Велес.

**ТОЧКА 27. Годишен извештај за работата на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан” с.Иванковци Велес за учебната 2024/2025 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан” с.Иванковци Велес, Трајче Недев беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се усвои Годишниот извештај за работата на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан” с.Иванковци Велес за учебната 2024/2025 година.

**ТОЧКА 28. Предлог-годишна програма за работа на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан” с.Иванковци Велес за учебната 2025/2026 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан” с.Иванковци Велес, Трајче Недев беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се усвои Годишната програма за работа на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан” с.Иванковци Велес за учебната 2025/2026 година.

**ТОЧКА 29. Предлог - решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за учебната 2025/2026 година на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан” с.Иванковци Велес**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан” с.Иванковци Велес, Трајче Недев беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се донесе Решението за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за учебната 2025/2026 година на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан” с.Иванковци Велес**.**

**ТОЧКА 30. Годишен извештај за работата на ООМУ „Стефан Гајдов” Велес за учебната 2024/2025 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООМУ „Стефан Гајдов” Велес, Габриела Бачманова беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Пандорка Лазаровска Прличкова.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 15 гласа „за“ и 7 гласа „воздржан“ се усвои Годишниот извештај за работата на ООМУ „Стефан Гајдов” Велес за учебната 2024/2025 година.

**ТОЧКА 31. Предлог-годишна програма за работа на ООМУ „Стефан Гајдов” – Велес во учебната 2025/2026 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООМУ „Стефан Гајдов” – Велес, Габриела Бачманова беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се усвои Годишната програма за работа на ООМУ „Стефан Гајдов” – Велес во учебната 2025/2026 година.

**ТОЧКА 32. Предлог - решение за давање согласност за формирање паралелка со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на ССОУ „Димитрија Чуповски” Велес**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ССОУ „Димитрија Чуповски” Велес, Горан Јанков беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Пандорка Лазаровска Прличкова.
Одговор на поставените прашања даде директорот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 20 гласа „за“ (членот Нада Јованова се иззема од гласање) се донесе Решението за давање согласност за формирање паралелка со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на ССОУ „Димитрија Чуповски” Велес.

**ТОЧКА 33. Предлог - решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на СОУ Гимназија „Кочо Рацин” Велес**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на СОУ Гимназија „Кочо Рацин” Велес, Илија Попов беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Маргица Урумова и Пандорка Лазаровска Прличкова.
Одговор на поставените прашања даде директорот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 20 гласа „за“ (членот Коста Нојков се иззема од гласање) се донесе Решението за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на СОУ Гимназија „Кочо Рацин ” Велес.

**ТОЧКА 34. Предлог - решение за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес, Васко Трајковски беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 19 гласа „за“ (членовите Нада Јованова и Катерина Ефремова се изземаат од гласање) се донесе Решението за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес.

**ТОЧКА 35. Годишен извештај за работа на ОУД „Лазар Лазаревски” – Велес за учебната 2024/2025 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ОУД „Лазар Лазаревски” – Велес, Александар Каракачанов беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Пандорка Лазаровска Прличкова.
Одговор на поставените прашања даде директорот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се усвои Годишниот извештај за работа на ОУД „Лазар Лазаревски” – Велес за учебната 2024/2025 година.

**ТОЧКА 36. Предлог - годишна програма за работа на ОУД „Лазар Лазаревски“ во учебната 2025/2026 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на ОУД „Лазар Лазаревски” – Велес, Александар Каракачанов беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Катерина Ефремова.
Одговор на поставените прашања даде директорот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се усвои Годишната програма за работа на ОУД „Лазар Лазаревски“ во учебната 2025/2026 година.

**ТОЧКА 37. Предлог-решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЈКП „Дервен” Велес**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на извршниот директор на ЈКП „Дервен” Велес, Васил Николов беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 18 присутни, со 10 гласа „за“ и 8 гласа „против“ се донесе Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЈКП “Дервен” Велес.

**ТОЧКА 38. Извештај (кумулативен и квартален) за финансиското работење на ЗЈП „Стационар Шепа“ – Кавадарци за период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ЗЈП „Стационар Шепа“ – Кавадарци, Снежана Гинева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Пандорка Лазаровска Прличкова.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 12 гласа „за“ и 10 гласа „воздржан“ се усвои Извештајот (кумулативен и квартален) за финансиското работење на ЗЈП „Стационар Шепа“ – Кавадарци за период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година.

**ТОЧКА 39. Предлог-решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЗЈП „Стационар Шепа“ – Кавадарци**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ЗЈП „Стационар Шепа“ – Кавадарци, Снежана Гинева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 12 гласа „за“ и 9 гласа „воздржан“ се усвои Извештајот (кумулативен и квартален) за финансиското работење на ЗЈП „Стационар Шепа“ – Кавадарци за период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година.

**ТОЧКА 40. Иницијатива за донесување заклучок со кој ќе се задолжи самостојното одделение во склоп на Општина Велес-Одделение за инспекциски надзор да доставува квартален извештај за работата до Советот на Општина Велес кој ќе биде разгледуван како информација на редовна седница на Советот на Општина Велес**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.
Од страна на предлагачот, Маргица Урумова беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Славица Переска беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Игор Смилев.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 10 гласа „за“ и 11 членови не се изјаснија се донесе Заклучок за неприфаќање на Иницијативата за донесување заклучок со кој ќе се задолжи самостојното одделение во склоп на Општина Велес-Одделение за инспекциски надзор да доставува квартален извештај за работата до Советот на Општина Велес кој ќе биде разгледуван како информација на редовна седница на Советот на Општина Велес.

**ТОЧКА 41. Иницијатива за тарифата за собирање и транспорт на комунален отпад да се определува врз основа на количеството и видот на отпадот и истата да се утврдува според единица мерка-денар по метар кубен собран комунален отпад за сите правни субјекти**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на предлагачот на Иницијативата, Никола Тодоровски беше дадено појаснување за предложениот материјал и ги предложи следните Барања:

1. Почитување на донесената Одлука од страна на СОВ, по предлог на ЈКП „Дервен“ со бр.25-2818/24 и нејзина дополна и објаснување во која согласно Методологијата донесена на ден 26.02.2013 година која е уште во сила и начинот на категоризацијата на правните субјекти јасно ќе се дефинираат и категоризираат правните субјекти. Толкувањето на јавното претпријатие од правна гледна точка, сметаме дека е сосема погрешно во насока да се наплати повеќе за услуга која не е извршена од нивна страна. Исто така, бизнис заедницата смета согласно Методологијата која претставува подзаконски акт, дека финансиските резултати на една компанија, односно обртот и бројот на вработени согласно економската класификација во Централниот регистар на Република Северна Македонија нема никаква поврзаност и никаде не е наведено ни во постоечката Методологија, ниту во новиот Закон за управување со отпад. Единствен критериум за поделба (класификација) мора да биде оној наведен во Методологијата:
   А) Големи правни субјекти (производствени капацитети, трговски центри, фабрики, банки, хотели, осигурителни компании, стоваришта...) – согласно оваа класификација без разлика колку обрт или колку вработени има компанијата, доколку припаѓа во наведените типови на големи правни субјекти, наплатата МОРА да биде по единица кг/ден или м3/ден.
2. Бараме согласно одговорот на Општина Велес, односно Градоначалникот: Одлуката е донесена врз основа на доставен Заклучок од страна на УО на ЈКП „Дервен“ Велес во кој се дадени предлог цени за собирање, транспортирање и отстранување на комуналниот цврст отпад на Општина Велес. Оправданоста за покачување на цените произлегува од анализи на трошоците на јавното претпријатие и депонирање наотпадот, ги опфаќаат капиталните и оперативните трошоци. Оваа анализа сакаме да ни биде доставена во писмена форма со сите трошоци како е дојдено до цената по 926 ден/м3. Оваа аднализа треба да биде истата или дополнета, која согласно новиот Закон за управување со отпад, мора да биде доставена до Регулаторна Комисија за нејзино одобрување.
3. Бараме ретроактивно од денот на донесување на последната Одлука до денес да се направи ревизија на сите испратени фактури од страна на ЈКП „Дервен“ и нивна корекција согласно класификацијата и важечката Методологија. Тоа значи да на сите фирми на кои неправилно им се фактурирала ѓубрарината наместо по м3/ден по м2/ден, сите фактури да се сторнираат и издадат нови или истите да се изменат.

4. Да се направи Договор со сите правни субјекти во кои е јасно дефинирана цената, а не да им се достави Договор со наведена цена и итно прифаќање на сите одлуки на СОВ.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јавија: Трајче Миланов, Пандорка Лазаровска Прличкова и Маргица Урумова.

Претседателот предложи да се донесе Заклучок дека - по завршувањето на Изборниот процес и по конституирањето на новиот состав на Советот, на 3-та редовна седница повторно ќе се разгледа Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот и индустрискиот неопасен отпад на територијата на Општина Велес бр.25-2818/4 од 15.06.2023 година на Општина Велес, согласно препораките на предлагачот на Иницијативата, донесените акти на Уставниот суд на Република Северна Македонија кои се однесуваат на цитираните одлуки и финансиските Извештаи од ЈКП „Дервен“.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 19 гласа „за“ се донесе Заклучокот за Иницијатива за тарифата за собирање и транспорт на комунален отпад да се определува врз основа на количеството и видот на отпадот и истата да се утврдува според единица мерка-денар по метар кубен собран комунален отпад за сите правни субјекти.

**ТОЧКА 42. Наративен и финансиски извештај за „Moto beach party за 2025 година“ од ЗГ Мото клуб „Носачи на крстот“**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на претседателот на ЗГ Мото клуб „Носачи на крстот“, Ивица Пренџов беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 18 присутни, со 18 гласа „за“ се усвои Наративен и финансиски извештај за „Moto beach party за 2025 година“ од ЗГ Мото клуб „Носачи на крстот“.

Седницата беше закажана за во 09:30 часот, започна со работа во 09:57, а заврши во 14:15 часот.

Претседател<br>на Советот на Општина Велес<br>Даниел Јаневски с.р.

Број 25-<br>2025 година<br>Велес